СРЕДА, 23 МАЈ 2012, 16:08:54

ВЕСТИ ВЕБ

НАЈНОВИ ВЕСТИ:

## МАКЕДОНИЈА - ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Share

ВНАТРЕШНА ПОЛИТИКА
НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА
ЕКОНОМИЈА
ОДБРАНА И БЕЗБЕДНОСТ
ПРАВОСУДСТВО
ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КУЛТУРА
СООБРАЌАЈ И ВРСКИ
ЗДРАВСТВО
ТРУД И СОЦИЈАЛА
ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ЕКОЛОГИЈА
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ГРАЃАНСКИ СЕКТОР
РЕЛИГИИ
ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ
ДРУГО

# Собирачите на шумски плодови бараат поголема контрола на откупот

**Скопје, 22 мај 2012 (МИА)** - Собирачи на печурки, билки и други шумски плодови од неколку села од регионот на Горен Демир Хисар присуствуваа на обука за одржливо собирање на т.н. споредни шумски плодови, што се одржа во локалното училиште во селото Слоештица.

Обуката е дел од проектот „Илинска и Плакенска Планина – чувари на нашето здравје и благосостојба" кој се спроведува од „АРТ ПОИНТ – ГУМНО" од почетокот на април, а ќе трае до крајот на август годинава.

Преку обуката локалните собирачи беа информирани за правилниот начин на собирање со цел заштита и одржливост на биодиверзитетот. Имаа можност директно да се информираат за позитивните законски прописи кои од годинава ќе се применуваат при собирањето на т.н. споредни шумски плодови.

Во дискусијата со присутните експерти како и со градоначалникот на Општина Демир Хисар и раководителот на подружницата „Бигла" на ЈП Македонски Шуми, локалните собирачи истакнаа дека со предвидената такса која ќе треба да ја плаќаат нема да се стави крај на хаосот кој го прават дивите прекупци. Потребно е, оценија, да се преземат поконкретни мерки за регулирање и контрола на откупот во соработка со Министерството за животна средина и лиценцираните компании.

На средбата беше презентирана и можноста за култивирано одгледување на популарниот планински чај, а особено комерцијалните аспекти на оваа дејност и нејзината улога во руралниот развој.

Со активностите за одржливо собирање, култивирање, правилен пристап и менаџирање со природните ресурси, проектот има цел да даде поддршка за обезбедување подобар живот на локалното население од руралните средини во регионот на Горен Демир Хисар. **лв/са/9:01**

###

Скопје
**ТЕМПЕРАТУРА: 16º**
детална прогноза
УХМР

T Home
DW-WORLD.DE DEUTSCHE WELLE
Roche We Innovate Healthcare
ERA Скопски саем Skopje Fair
Стопанска комора на Македонија Ваш деловен партнер во светот на бизнисот
NC NEOCOM

НАЈАВИ
НАСЛОВИ 24 ЧАСА
СТОРИЈА
ИНТЕРВЈУ
ФЛЕШ
БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ...
ЖИВОТНА СРЕДИНА

ПОЛИТИКА - ФИНАНСИИ
ОДБРАНА И БЕЗБЕДНОСТ
БИЗНИС И СВЕТ

АСТРОНОМСКИ КАЛЕНДАР
СОСТОЈБА НА ПАТИШТАТА
ВЕРСКИ КАЛЕНДАР
НА ДЕНЕШЕН ДЕН
ОБИЧАИ И ВЕРУВАЊА

| ВАЛ. | КУП. | ПРОД. |
|---|---|---|
| AUD | 47,51 | 47,99 |
| JPY | 60,14 | 60,75 |
| CHF | 51,07 | 51,58 |
| GBP | 75,85 | 76,61 |
| USD | 48,04 | 48,52 |
| EUR | 61,34 | 61,96 |

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
INVEST IN MACEDONIA New Business Heaven in Europe
Business Excellence Show 31 Мај 2012г., хотел Александар Палас, Скопје

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ
РЕКЛАМИРАЈТЕ СЕ
ПИШЕТЕ НИ

МИА ИНФО УСЛУГИ
НАШАТА МИСИЈА
ЗА МИА
ИМПРЕСУМ
ЈАВНИ НАБАВКИ



ѓурѓа
Макавеј
ИЗДАВАЧКА КУЌА


МИА АНКЕТА
MACEDONIA LOVE :-)

Услови за користење на mia.mk | Изјава за приватност

Сите права се заштитени. Овој материјал не смее да се складира, издава, емитува, препишува и
повторно да се дистрибуира во каква било форма, без писмена дозвола од Македонската Информативна Агенција.
Секој упад и злоупотреба на интернет страницата на МИА е казнив по членовите 251 и 251а од КЗ на Република Македонија.
Правен консултант и застапник: Адвокатска канцеларија Пешликоски.
МИА © 2008 • Македонска Информативна Агенција-МИА.